# ОДГОВОР
## на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Заменикот директор на Центарот за управување со кризи на ден 06.11.2014 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Центарот за управување со кризи до Државниот завод за ревизија заведени под број 13-311/6.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на утврдената состојба во **точката 2.2.1. став 7 алинеја 5** која се однесува на утврдената состојба за невоспоставена Ex-post финансиска контрола во Центарот, и необезбедената поделба на должностите и одговорностите во системот на интерни контроли во процесот на набавки и плаќање, **се прифаќа**. Во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор во точката 2.2.1. став 7 по зборовите „вршител на должност" се додава зборот „помошник".

2. Упатената забелешка на утврдената состојба во **точката 2.2.1. став 3** која се однесува на известувањето за воспоставениот систем на интерни контроли во делот на спроведување на набавките и плаќањата, како и за одредени отстапувања во делот на контролите при подготвувањето на тендерската документација и следењето на реализацијата на склучените договори, **не се прифаќа**. Упатените забелешки преставуваат сопствено видување на законскиот застапник на субјектот предмет на ревизија и истите не ја одразуваат фактичката состојба и воедно не влијаат на преиначување на утврдената состојба.

3. Упатената забелешка на **последната алинеја на страна 2 од резимето** која се однесува на изработената Процена на загрозеност на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности во која се интегрирани процените на надлежните државни субјекти за ризици и опасности од нивна надлежност, како и поделните процени за загрозеноста на подрачјата на општините и на градот Скопје **не се прифаќа.** Ревизијата укажува дека Резимето претставува кратка форма на презентирање на наодите а упатената забелешка е детално образложена во точката 2.1.2. од Ревизорските наоди.

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор